Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Ад акта - Арх. знак:
Рок на чување:
____ 20__ г. Потпис,
Скопје

Бр. 04-3878/2
29-12-2022

# ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА РАБОТНО МЕСТО ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК

БР. 2/2022

Врз основа на член 30, 48, 49 и 50 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 48/15, 154/15, 15/16, 142/16, 11/18, 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас „(Службен весник на РМ" бр. 11/15 и 35/18), в.д директорот на Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, објавува

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 2/2022
## за пополнување на работно место за унапредување

1. **Помошник Раководител на Сектор - Сектор за ветеринарно јавно здравство, со шифра УПР0101Б03000, - 1 ( еден ) извршител;**

- стручни квалификации – ниво на квалификациите: VI A степен според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен: **ветеринарна медицина**;
- работно искуство: најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска Унија ( англиски, француски, германски );
- активно познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење;
- потврда за положен испит за административно управување;



ОБ 7.5.3-07в03

2. **Раководител на Одделение за меѓународна трговија и сертификација - Сектор за инспекциски надзор, со шифра УПР 0101Б04000 - 1 ( еден ) извршител;**

- стручни квалификации – ниво на квалификациите: VI А степен според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен: **ветеринарна медицина;**
- работно искуство: најмалку 4 години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно место во приватен сектор.
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска Унија ( англиски, француски, германски );
- активно познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење;
- потврда за положен испит за административно управување;

3. **Раководител на Одделение за храна произведена со иновирани технологии и јонизирачко зрачење, новел храна и други видови храна, Сектор за нови прехранбени технологии, со шифра УПР 0101Б04000 - 1 ( еден ) извршител;**

- стручни квалификации – ниво на квалификациите: VI А степен според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен: **медицински науки, биологија**, **наука за земјиштето и хидрологија;**
- работно искуство: најмалку 4 години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно место во приватен сектор.
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска Унија (англиски, француски, германски );
- активно познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење;
- потврда за положен испит за административно управување;

4. **Раководител на Одделение за проценка на ризик, Сектор за проценка и комуникација на ризик, со шифра УПР 0101Б04000 - 1 ( еден ) извршител;**

- стручни квалификации – ниво на квалификациите: VI А степен според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен: **медицински науки, технологија на прехранбени производи, биологија, ветеринарна медицина.**

- работно искуство: најмалку 4 години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно место во приватен сектор.
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска Унија ( англиски, француски, германски );
- активно познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење;
- потврда за положен испит за административно управување;

5. **Раководител на Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство, Сектор за инспекциски надзор, со шифра ИНС0101Б04001 - 1 ( еден ) извршител;**

- стручни квалификации – ниво на квалификациите: VI A степен според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен: **ветеринарна медицина;**
- работно искуство: најмалку 4 години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно место во приватен сектор.
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска Унија ( англиски, француски, германски );
- активно познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење;
- потврда за положен испит за административно управување;
- други посебни услови: лиценца за инспектор.

6. **Раководител на Одделение за управување на систем за квалитет, Сектор за стручна поддршка, со шифра УПР 0101Б04000 - 1 ( еден ) извршител;**

- стручни квалификации – ниво на квалификациите: VI A степен според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен: **ветеринарна медицина, медицински науки, биологија;**
- работно искуство: најмалку 4 години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно место во приватен сектор.
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска Унија ( англиски, француски, германски );

- активно познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење;
- потврда за положен испит за административно управување.

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има здравствена способност за работното место; и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забра на вршење професија, дејност или должност.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во истата институција, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за храна и ветеринарство, како и:
- да е оценет со оцена А или Б при последно оценување на кое бил оценуван;
- да е на работното место кое согласно Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за храна и ветеринарство е на непосредно пониско ниво или да е на работното место за кое објавен огласот;
- да поминал најмалку две години на истото ниво;
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат следните докази во оригинал или заверени на нотар:
- потврди за успешно реализирани обуки и /или
- потврди за успешно реализирано менторство ( како ментор или менториран административен службеник).

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на интерниот оглас.

Пополнетата пријава и доказите за податоците содржани во пријавата кандидатите треба да ја поднесат во писмена форма преку Архивата на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија до Одделението за управување со човечки ресурси.
Дневно работно време од 07:30 до 15:30 и 08:30 до 16:30 часот.
Неделно работно време: 40 ( четириесет ) часа

Паричен нето износ:

1. Помошник Раководител на Сектор - Сектор за ветеринарно јавно здравство, - 33.281,00 денари;
2. Раководител на Одделение за меѓународна трговија и сертификација - Сектор за инспекциски надзор - 30. 057,00 денари;
3. Раководител на Одделение за храна произведена со иновирани технологии и јонизирачко зрачење, новел храна и други видови храна, Сектор за нови прехранбени технологии- 30.057,00 денари;
4. Раководител на Одделение за проценка на ризик, Сектор за проценка и комуникација на ризик – 30.057,00 денари;
5. Раководител на Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство, Сектор за инспекциски надзор - 30.057,00 денари;
6. Раководител на Одделение за управување на систем за квалитет, Сектор за стручна поддршка- 30.057,00 денари;

Ненавремено, нецелосно и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.
Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот. Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка по овој оглас.
Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

в.д Директор
Николче Бабовски

Изработил: Ацере Рамичи
Одобрил: Елида Тодоровски

Доставено до:
-Одд за управување со човечки ресурси;
-Именуваниот